Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2020 година

## СОДРЖИНА

Резиме ....2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени .... 7

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура.... 11

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација .... 11

Приходи по буџетски корисници....13

Буџетски расходи според економската класификација....14

Расходи по буџетски корисници....15

Буџетско салдо.. ....17

**4. Социјален сектор**

Плати ....17

Пензии ....18

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари....19

Депозитен потенцијал ....19

Кредити на банките....21

Каматни стапки на депозитни банки....21

Пазар на капитал ....21

Девизни резерви.... 22



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2020 година

- Индустриското производство во јуни 2020 година забележа пад од 15,1% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јуни 2020 година се зголемија за 1,7% во однос на јуни 2019 година, по падот од 0,2% во мај 2020 година;
- Во периодот јануари - јуни 2020 година, извозот забележа пад од 22,3%, а увозот од 18,1%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 3,8% споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2020 година изнесуваа 87.437 милиони денари, односно 13,0% од БДП, што претставува пониско остварување за 9,0% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2020 година изнесуваа 113.387 милиони денари, односно 16,8% од БДП, што е за 9,9% повеќе во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во јуни 2020 година се зголемија за 6,6% во споредба со јуни 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,4%.

# *1. РЕАЛЕН СЕКТОР*

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Индустриското производство во јуни 2020 година забележа пад од 15,1% во споредба со истиот месец претходната година, со што неповолните движења како последица на пандемијата на коронавирус предизвикаа двоцифрен пад четврти месец по ред, иако забележително е постепено ублажување на падот. Пад на производството се јавува во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 14,6% и негативен придонес од 11,5 п.п., Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 22,0% и негативен придонес од 2,7 п.п., како и Рударство и вадење камен од 12,5% и негативен придонес од 1,4 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Зголемено производство во јуни 2020 година бележат само 5 од вкупно 27 индустриски гранки коишто сочинуваат 19,8% од вкупната индустрија. Од гранките со позначително учество во структурата, раст е забележан единствено кај производството на фармацевтски производи и препарати од 27,4% и придонес од 0,8 п.п., кај прехранбената индустрија од 2,9% и придонес од 0,3 п.п., како и кај производството на пијалаци од 1,4% и придонес од 0,1 п.п.. Кај гранките со повисока додадена вредност, падот на производството на моторни возила изнесува 23,4% со придонес од -2,9 п.п., кај производството на машини и уреди 25,0% со придонес од -2,2 п.п., а кај производството на електрична опрема 32,5% со придонес од -1,5 п.п.. Од традиционалните гранки, производството на облека забележа пад од 23,5% и придонес од -1,8 п.п..

Според поделбата по наменски групи, пад на производството е забележан во сите гранки, а најизразит е кај капиталните производи од 22,5% и негативен придонес од 5,2 п.п..

На кумулативна основа, во првото полугодие од 2020 година е забележан пад од 14,6%, што се должи на намаленото производството во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 16,1% (придонес од -12,3 п.п.), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,5% (придонес од -1,7 п.п.), и Рударство и вадење камен од 5,3% (придонес од -0,6 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот има производството на фармацевтски производи и препарати од 0,5 п.п. при раст од 18,4%.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2020 година)*




1 - Производство на основни фармацевтски производи и препарати
2 - Производство на производи од гума и пластични маси
3 - Производство на прехранбени производи
4 - Производство на хемикалии и хемиски производи
5 - Производство на пијалаци

Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јуни 2020 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Снабдување со ел. енергија, гас пареа и климатизација
3 - Производство на машини и уреди
4 - Производство на облека
5 - Производство на електрична опрема

Извор: ДЗС.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари – јуни 2020 година бележат сите гранки, а падот е највисок кај групите Капитални производи од 25,7% и придонес од -5,9 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јуни 2020 година е намален за 5,2%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Преработувачка индустрија од 5,7%, Рударство и вадење камен од 0,6% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,9%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2020 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, а тоа е најизразито кај трајните производи за широка потрошувачка од 8,2%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – јуни 2020 година бележи пад од 4,4%, што се

должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 4,8%, Рударство и вадење камен од 1,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,6%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првото полугодие од 2020 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит кај групата Трајни производи за широка потрошувачка од 8,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јуни 2020 година е понеповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на јуни 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јуни изнесува 65,5%, што претставува раст споредено со мај 2020 година, кога изнесувало 65,4%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 4,4 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јуни имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,6%, недостигот на квалификувана работна сила со 17,0%, неизвесното економско окружување со 16,5%, недоволната домашна побарувачка со 13,1% и финансиските проблеми со 9,1%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јуни 2020 година споредено со мај 2020 година е понеповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2020 година издадени се вкупно 273 одобренија за градење и во однос на истиот месец претходната година бројот на издадени одобренија за градење се зголеми за 35,1%. На месечна основа, бројот на издадени одобренија за градење во јуни бележи раст од 69,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење е 5,7 пати повисока во однос на јуни 2019 година, а 8,3 пати споредено со претходниот месец. Зголемената предвидена вредност се должи на издадените одобренија за

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

градење на објекти од нискоградба со поголеми вредности[1].

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 142 (или 52,0%) се наменети за објекти од високоградба, 54 (или 19,8%) за објекти од нискоградба и 77 (или 28,2%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јуни2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 273 издадени одобренија за градба, на 159 објекти (или 58,2%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 114 објекти (или 41,8%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јуни 2020 година предвидена е изградба на 519 станови, со вкупна корисна површина од 45.634 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е зголемен за 20,1%, а во однос на јуни 2019 година за 0,6%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јуни 2020 година се зголемија за 1,7% во однос на јуни 2019 година, по падот од 0,2% во мај 2020 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – јуни 2020 година изнесува 0,5%.

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP *(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Во јуни 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 5,5% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во јуни 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,9% следен со порастот на цените во категориите: Разновидни стоки и услуги од 2,9%, Ресторани и хотели од 1,6%, Рекреација и култура од 0,8%, Здравствена заштита од 0,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,3% и Образование од 0,2%.

[1] Магистрален транспортен гасовод во Пелагонискиот Регион, делница 5 од магистралниот гасовод во Полошкиот Регион, биогасна и ветерна електроцентрала во Вардарскиот Регион, далновод од Битола до македонско-албанската граница во Југозападниот и во Пелагонискиот Регион

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 8,2%, Облека и обувки од 2,3%, Комуникации од 0,4% и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 0,2%.

Потрошувачките цени во јуни 2020 година се зголемија за 0,8% во однос на претходниот месец. Најголем пораст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите: Транспорт од 3,4%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,2%, Рекреација и култура и Ресторани и хотели од по 0,4%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина и Здравствена заштита од по 0,3% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,1%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Месечно намалување на цените не е регистрирано овој месец, а цените во преостанатите категории остнаа непроменети.

Цените на мало во јуни 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 0,2%, а на месечна основа регистрираа раст од 0,8%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2020 година во однос на претходниот месец забележа раст од 28,7% и изнесува 39,9 долари за барел. Споредено со јуни 2019 година, цената на нафтата се намали за 36,9%. Цената на природниот гас во јуни на месечна основа се намали за 4,2%.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во јуни 2020 година се тргуваше со просечна цена од 12.727 долари за еден метрички тон ($/мт) и споредено со мај 2020 година бележи раст на цената од 4,5%. Во однос на истиот месец од 2019 година, цената на никелот се зголеми за 6,6%. Покрај никелот, месечен раст на цената во јуни забележаа и другите основни метали. Така, цената на бакарот порасна за 9,8%, на калајот за 9,3%, на оловото за 7,3%, на алуминиумот за 7,0% и на цинкот за 2,6%. Во јуни 2020 година, цената на железната руда се зголеми за 10,3% на месечно ниво.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Раст на цената во јуни споредено со мај 2020 година бележат и благородните метали. Така, цената на среброто се зголеми за 9,0%, на платината за 3,9% и на златото за 1,0%.

Цената на пченицата на светските берзи во јуни 2020 година на месечно ниво се намали за 3,6%, а на пченката се зголеми за 2,8%.

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

# 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првата половина од 2020 година изнесува 5.795,7 милиони евра и бележи пад од 20,0% во однос на истиот период минатата година. Падот на надворешнотрговската размена се должи на пандемијата предизвикана од коронавирусот, којашто на почетокот од годината започна во Кина и се пренесе во голем број земји во Европа и светот.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јуни 2020 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[2]), како најголем трговски партнер, е намалено за 3,4 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 60,1%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари – јуни 2020 година, изнесува 2.450,3 милиони евра и бележи пад од 22,3% (704,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 20,1%.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2020 година изнесува 492,0 милиона евра и бележи пад од 7,3% (38,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, со што се забележуваат поповолни движења во извозот на нашата земја по двоцифрениот пад на истиот во претходните три месеци (март – пад од 26,8%,

[2] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

април – пад од 60,3% и мај – пад од 39,3%) како последица на пандемијата предизвикана од коронавирусот. Физичкиот обем на извозот се намали за 3,1%.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2020 година извозот бележи раст од 45,0% (152,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 46,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (1,5 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[3]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јуни 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,0% од вкупниот извоз на државата.

**Графикон 2.2:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - јуни 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕУ 27, Западен Балкан и Северноамериканска зона на слободна трговија. Извозот во ЕУ-27 бележи пад од 26,0% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи пад од 16,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 76,3% и 11,7%, соодветно.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена
*(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јуни 2020 година изнесува 3.345,4 милиони евра и бележи пад од 18,1% (740,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 2,7%.

[3] Стандардна меѓународна трговска класификација

Вредноста на увозот во јуни 2020 година изнесува 597,4 милиони евра, што претставува пад од 3,4% (21,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2019 година, со што се забележуваат поповолни движења во увозот на нашата земја по двоцифрениот пад на истиот во претходните три месеци ( март – пад од 18,0%, април – пад од 50,9% и мај – пад од 36,4%) како последица на пандемијата предизвикана од коронавирусот. Увезените количини на стоки се зголемени за 10,8%.

**Графикон 2.4:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2020 година увозот бележи раст од 31,2% (142,0 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 35,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,3 | 29,9 | 7,6 | 34,0 |
| Мил. ЕУР | 670,1 | 429,0 | -241,1 | -36,0 |
| Мил.$ | 756,5 | 475,0 | -281,5 | -37,2 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 18,8 | 14,7 | -4,2 | -22,0 |
| Мил. ЕУР | 109,0 | 83,8 | -25,1 | -23,0 |
| Мил.$ | 123,0 | 92,6 | -30,5 | -24,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 391,4 | 347,0 | -44,4 | -11,3 |
| Мил. ЕУР | 288,3 | 264,2 | -24,1 | -8,4 |
| Мил.$ | 325,3 | 291,1 | -34,1 | -10,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 432,1 | 375,9 | -56,2 | -13,0 |
| Мил. ЕУР | 222,3 | 174,8 | -47,6 | -21,4 |
| Мил.$ | 251,1 | 192,6 | -58,5 | -23,3 |

*)Претходни податоци

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 39,1 | 25,4 | -13,8 | -35,2 |
| Мил. ЕУР | 485,3 | 342,6 | -142,7 | -29,4 |
| Мил.$ | 547,6 | 378,8 | -168,8 | -30,8 |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2019 | I-VI-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 33,4 | 26,6 | -6,8 | -20,4 |
| Мил. ЕУР | 372,3 | 284,6 | -87,7 | -23,5 |
| Мил.$ | 420,3 | 314,2 | -106,1 | -25,2 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јуни 2020 година, трговскиот дефицит се намали за 3,8% односно 35,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јуни 2020 година, трговскиот дефицит се зголеми за 19,7% односно 17,4 милиони евра споредено со јуни 2019 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и горива и мазива. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јуни 2020 година, 86,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Србија и Турција, а потоа следуваат: Грција, Италија, САД, Полска, Русија, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија и Холандија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,5% од трговската размена во периодот јануари-јуни 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува зголемување за 1,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,4% и 84,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 1,5 п.п., додека кај увозот е зголемена за 4,3 п.п. во однос на периодот јануари - јуни 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2019 | | | | | I - VI - 2020 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 2.227,2 | 3.281.932.556 | 61,5117 | 201.877.250.821 | 80,3 | 2.111,7 | 2.831.847.681 | 61,6530 | 174.591.905.103 | 84,7 | -450.084.875 | -13,7 |
| УСД | 1.077,9 | 865.118.611 | 54,4614 | 47.115.570.744 | 18,7 | 1.108,1 | 530.168.324 | 55,9869 | 29.682.480.947 | 14,4 | -334.950.287 | -38,7 |
| ГБП | 1,9 | 11.315.330 | 70,4200 | 796.825.540 | 0,3 | 1,5 | 8.508.340 | 70,6090 | 600.765.397 | 0,3 | -2.806.990 | -24,8 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.307,0 | | | 249.789.647.106 | 99,1 | 3.221,2 | | | 204.875.151.447 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 3.315,9 | | | 251.341.874.378 | 100,0 | 3.227,7 | | | 206.239.277.135 | 100,0 | | -17,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# *3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јуни 2020 година изнесуваа 87.437 милиони денари, односно 13,0% од БДП, што претставува пониско остварување за 9,0% во однос на истиот период од 2019 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 47.315 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се намалени за 13,1%, што ја отсликува намалената економска активност како резултат на здравствено-економската криза.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 20.099 милиони денари, што претставува намалување од 16,5% во однос на периодот јануари - јуни 2019 година, со доминантно учество во вкупните даночни приходи од 42,5%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 33.289 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 13.191 милион денари (бруто-наплатата е пониска за 8,7%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 6,3% споредено со јануари - јуни 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз кој забележува пониско остварување за 11,4%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 2,2%.

Акцизите се остварени во износ од 9.793 милиони денари (учество од 20,7% во даночните приходи), што претставува намалување од 18,6% во споредба со истиот период во 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 29.892 милиона денари, што претставува 63,2% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - јуни 2020 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 8.456 милиони денари и бележат пад од 2,8% на годишна основа, при што 68,9% од приходите се од плата и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 6,4% од приходи по основ на договор на дело, 5,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,1% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 5.743 милиони денари и забележаа помало остварување за 12,1% во однос на истиот период претходната година, при што данокот по месечни аконтации се намали за 8,8%, намалување од 31,6% се забележува кај даночните биланси, додека данокот на добивка по основ на дивиденди и др. распределба е зголемен 3 пати.

Приходите од царина се остварени во износ од 2.989 милиони денари и забележаа зголемување од 4,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 235 милиони денари забележаа намалено остварување за 11,7% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 31.761 милион денари, што претставува поголемо остварување за 8,0% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување

е повисока за 8,4%, кај придонесите за здравствено осигурување за 7,2% и кај придонесите за вработување за 6,0%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 5.714 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 38,4% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 515 милиони денари, што е зголемување од 31,0% во однос на периодот јануари - јуни минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 1.651 милион денари и се намалени за 12,3% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[4] и во периодот јануари - јуни 2020 година изнесуваат 124.680 милиони денари, односно 94,9% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 63,8% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари - јуни 2020 година)*




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата во анализираниот период преовладуваат приливите на средства по основ на задолжување во странство, кои изнесуваат 53.402 милиона денари или 76,2% од годишниот план и претставуваат 42,8% од вкупните приходи и приливи. Даночните приходи во првата половина од годината изнесуваат 46.711 милиони денари, односно 44,3% од годишниот план, што претставуваат 37,5% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

[4] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 1.482 милиона денари, односно 1,1% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (63,5%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 398 милиони денари, што претставува 0,3% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на задолжување во странство изнесува 355 милиони денари и претставува 89,2% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,6% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - јуни 2020 година оствари приходи во износ од 37.594 милиони денари, што претставува 48,6% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 16.195 милиони денари, односно 46,7% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 1.365 милиони денари, што претставува 39,0% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2020 година изнесуваа 113.387 милиони денари, односно 16,8% од БДП, што е за 9,9% повеќе во однос на истиот период од 2019 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 108.959 милиони денари учествуваа со 96,1% и се зголемени за 11,3% во однос на истиот период од 2019 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 14.780 милиони денари што претставува зголемување за 8,4% во однос на периодот јануари - јуни претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,0%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.316 милиони денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 5,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 84.155 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 14,1% споредено со истиот период од 2019 година и истите учествуваа со 74,2% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 57.072 милиона денари, забележаа зголемување од 6,7% и учествуваа со 50,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 34.295 милиони денари, што е зголемување за 4,6% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 22,9%, односно се зголемија за 33,3% и се реализирани во износ од 26.007 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 9.464 милиони денари забележаа зголемување од 13,7% во споредба со периодот јануари - јуни претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 15.371 милион денари што е за 53,1% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 2.708 милиони денари, што е за 0,8% помалку во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 3,9%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 4,4%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 4.428 милиони денари со структурно учество од 3,9% во вкупните расходи, при што забележаа пониска реализација за 16,1% во споредба со периодот јануари - јуни 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 86,1% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во првата половина на 2020 година реализираше 24.524 милиони денари или 47,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 16.877 милиони денари или 47,5% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 22,7% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 51,1% (5.556 милиони денари) од планираните за 2020 година.

Во периодот јануари – јуни 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[5] реализирани се 19.371 милион денари што

[5] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата

претставува 33,8% од предвидените за 2020 година. Отплатата на главнина (14.015 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 72,4%. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 14,0% од вкупните расходи, за што реализирани се 2.704 милиони денари, или 32,6% од вкупниот буџет за оваа намена. Трета најзначајна ставка со учество од 6,1% се тековните трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.172 милиона денари.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - јуни 2020 година)*




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во првата половина на годината изврши буџетски средства во износ од 12.012 милиона денари, што е 46,0% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (66,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 8.042 милиона денари или 49,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,3%, за што се потрошени 1.837 милиони денари, односно 48,8% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 9,7% во вкупните расходи) реализирани се 1.162 милиона денари, што претставува 33,9% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Владата на Република Северна Македонија во анализираниот период реализираше вкупно 6.745 милиони денари, односно 54,2% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите кои учествуваат со 94,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 6.389 милиони денари (55,9%).

Во периодот јануари - јуни 2020 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 6.313 милиони денари што претставува 84,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 90,7% во вкупните расходи, реализирани се 90,4% од планираните средства или 5.727 милиони денари.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 5.171 милион денари, што претставува 45,3% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 77,2%, за што се потрошени 3.989 милиони денари или 49,4% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,7%, за што се реализирани 865 милиони денари или 43,9% од годишниот план.

---

по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Министерството за одбрана во првите шест месеци од 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 3.382 милиона денари, што е 39,6% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 60,0%, за што во периодот јануари – јуни 2020 година се реализирани 2.029 милиони денари (49,7% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 23,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период потрошени се 785 милиони денари, односно 34,0% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – јуни 2020 година изврши буџетски средства во износ од 3.040 милиони денари, што е 38,8% од вкупниот буџет за 2020 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 45,5%, за што во овој период потрошени се 1.384 милиони денари или 52,8% од средствата наменети за 2020 година. Тековните трансфери до буџетските фондови се втора најзначајна ставка со учество од 42,1% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена потрошени се 1.281 милион денари, односно 35,1% од вкупно предвидените.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.345 милиони денари, што е 28,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 25,9% од предвиденото (1.025 милиони денари), а учествуваат со 76,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 25.950 милиони денари, што претставува 3,8% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 25.040 милиони денари и претставува 3,7% од БДП.

## *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

### Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2020 година оствари годишен раст од 4,4%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникаци (23,7%), Образование (12,3%), и Дејности на здравствена и социјална заштита (8,1%). Реалните плати во мај забележаа годишен раст од 4,7%.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2020 година оствари годишен раст од 5,0%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (22,8%), Образование (13,5%) и Дејности на здравствена и социјална заштита (9,1%) Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 5,2%.

**Графикон 4.1:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.2:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во јуни 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 324.518 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 1.624 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,6% се корисници на старосна пензија, 23,2% се корисници на семејна пензија и 10,3% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јуни 2020 година изнесува 15.333 денари и е за 5,7% повисока во однос на истиот месец минатата година[6]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 57,9%.

**Графикон 4.3:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната старосна пензија во јуни изнесува 16.591 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 13.894 денари, а просечната семејна пензија 12.359 денари. За исплата на пензиите во јуни 2020 година се потрошени 4.847 милиони денари, што претставува 50,3% од вкупните социјални трансфери.

---

[6] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во јуни 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на постојното ниво од 1,5%, откако претходно ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати од почетокот на годината поради условите коишто произлегуваат од пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, кои неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и досегашното позначајно намалување на понудениот износ на благајнички записи, придонесе за натамошно зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
( јуни 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во јуни 2020 година, примарните пари[7] регистрираа раст од 43,2%, споредено со јуни 2019 година. Ваквиот раст на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 71,1% и раст на готовите пари во оптек од 21,2%. На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 24,5%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 60,0% додека готовите пари во оптек се намалија за 0,1%.

## Депозитен потенцијал[8]

Вкупните депозити на банките во јуни 2020 година се зголемија за 1,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец,

[7]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[8]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 3,3%, а депозитите на домаќинствата за 0,8%.

Од аспект на валутата, во јуни 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 1,7%, додека депозитите во странска валута за 1,0%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2020 година оствари раст од 8,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за по 8,4%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 13,7% и 8,7%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 5,6%, а долгорочните депозити останаа непроменети.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,3%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2020 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **418.916** | **1,4%** | **8,4%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *252.713* | *1,7%* | *8,4%* |
| *Странска валута* | *166.202* | *1,0%* | *8,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *175.972* | *0,8%* | *5,6%* |
| *Долгорочни* | *107.323* | *-0,8%* | *0,0%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **352.718** | **1,4%** | **6,6%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *206.986* | *1,8%* | *5,8%* |
| *Странска валута* | *145.732* | *0,9%* | *7,8%* |
| Според рочност: | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *58.440* | *0,2%* | *-3,6%,* |
| *Долгорочни* | *274.086* | *1,6%* | *10,0%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.157* | *0,9%* | *-9,9%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јуни 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 1,4% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 1,5%, а кредитите кон домаќинствата за 1,3%. Од аспект на валутата, во јуни 2020 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,8%, а девизните кредити овој месец се зголемија за 0,9%.

На годишна основа, во јуни 2020 година вкупните кредити се зголемија за 6,6%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,8% и на кредитите кон претпријатијата од 4,6%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,8%, а кредитите во странска валута за 7,8%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,0%, а краткорочните кредити се намалија за 3,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,03 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,80%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 5,22%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,31%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни 2020 година изнесува 1,09% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 1,52% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец, а каматната стапка на девизните депозити е зголемена за 0,01 п.п. и изнесува 0,62%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јуни 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 6,4% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргување за 12,1%, додека прометот од блок трансакциите се зголеми за 45,0%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јуни 2020 година изнесуваше 445,8 милиони денари и истиот е зголемен за 19,2% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јуни 2020 година изнесуваше 4.116,66 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 3,4%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 7,7%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на јуни 2020 година изнесуваа 3.639,74 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 18,2%, а во однос на јуни 2019 година регистрираа раст од 24,3%.